СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ПОЕЗИЈА

Жаклина Михајлова
**РУЕН**

Рецензент: м-р Марина Мијаковска
Лектор: Елена Тошева
Корица: Бубе Донска
Покровител: Ѓорѓи Михајлов
Тираж: 300

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3-1

МИХАЈЛОВА, Жаклина
Руен / Жаклина Михајлова. - Скопје : Ж. Михајлова, 2016. - 48 стр. ; 21. - (Современа македонска поезија)

Белешка за авторот: стр. 45

ISBN 978-608-65724-1-9
COBISS.MK-ID 101086730

Copyright by: Жаклина Михајлова
www.zaklinamihajlova.com

ЖАКЛИНА МИХАЈЛОВА

# Р У Е Н

Република Македонија
e-mail: zaklinamihajlova@gmail.com
2016

# АЗБУКА

Паметат камењата дека
те имало и пред последната,
паметат пештерите дека си
забележана како – древната.

Паметат тревите и погребните
лелеци ти ги паметат звуците,
памети традицијата, глаголите,
песните ти ги паметат и внуците....

Обновена, упростена,
прекрстена, раскостена,
ама, пак, на старото
си стежнала, накитена,
од Руен, кон езерата си полазила,
на север и југ, насекаде си стасала.

Многу жедни со ум си напоила,
многу страдни очи опулиле,
многу алчни грабале, лажеле,
тогаш лажни правила важеле.

Сега е време друго,
вистината во очи ни вреба,
сега ни дојде редот,
горди да бидеме треба.

Слава на Методи и Кирила,
слава на светците сугестивни,
уште поголема слава на Климента,
што буквите стари ги врати за видни.

# А – НОТА

Ај, аирлија!
Асазд’н абер арен:
актер актерка
ареса, армаса...
Артикулирани
акорди,
акустично
асоцираат:
Адет ангелски,
асален, ажурен
аквадукт!

# БЕГСТВО

Брчки буричкаат бурно,
белило бистри бигори,
болест бабина
божурка багателно,
бисерен багаж
бае бегство бедно,
безгрижно...
Божeeee,
блажена богомолка!

# ВЕЗИРСТВО

Ветерот врежал
возбудлив
вдах,
вистина во вселената!
Вцрвенет војник
вртоглаво врви,
вреви...
Влегува!
Веселби?!
Вражји враг!

# ГАНЅА

Гологлав
гулаб
гиздаво
галопира,
глаголи,
галами,
газдува.
Голем,
гален,
голијат ганѕав,
гурбетува!

# ДОЖДОВНА

Дудуле, дудуле, де,
дојди дома, де!
Дождец донеси, де!
Доливај, давај,
директно дарувај, де!

Дудуле добро, де,
duздисај дворови, де!
Доведи друмник,
дофрли даскал, де,
далдисај дармадана,
декларирај добрина,
де, де,
дудуле, де!

# ЃОАМИТИ

Ѓузел<br>
                ѓуведија<br>
                            ѓебри<br>
                ѓувезен<br>
      ѓедок.<br>
Ѓоа, ѓердест ѓок<br>
      ѓаволесто ѓаволи...<br>
Ѓерданлии!

# ЕГА!

Ега, егуменија
еднодничи
ексклузивно!
Ега,
еднодничењето
ендемично
ефектуира.
Ега, еготo
Еуфорично
евалуира...
Етно – етапа!

# ЖАЛНА

Жално жубори
жигосаната!
Живот живурка.

Жари, жолтее, жеже...
Железни жапки
жолчно  жграмотат
- жебраво жеволење!

# ЗАГУБА

Забадијала забавата!
Збифта заиграно зората,
зорле зјае змијулесто,
зрел зар закрилник,
забегува змејот збеснато...
Заокружување!

## ЅЕНЅАЊЕ

Ѕунѕурки
ѕунат,
ѕвончето
ѕвони
ЅЕ ѕирка!

Ѕуницата
ѕида
ѕвездоденица.

# ИЗГУБЕНИ

Испарува истоштен изотоп,
исконски истокот
исто истоштува,
игра, истура идеали.
Идеално исправени
испосници исповеда
интерно интимната
интерпретација.
Интернационална интелегенција
ил интернетна индигнација?

# ЈАВАЧ

Јамал
 јагурина
јазична
 јаде.
Јалдаз
 јаловина,
јанѕа
 јанѕосана,
јад
 јадовен...
Ј'зк!!!

# КАБАДАЈА

Кабардиса
канон.
Киниса
кај кермес.
Колкав
кибар
кибицира
кумашинка.
„Курдисано
к’не!“

# ЛАЖНО ЛИБЕРТО

Ласицата
          лута,
лисицата
          лаже,
лавот
          лудува
-лигава литургија!

# ЉУБОЗНАЈНИ

Љубопитен љубовник
љубоморно љуби.
Љубовницата
љубува
љубов
љубена...
Љубознајни
љубовници!!!

# МОЈА

Максимум малаксан
мејдан ме миросува.
Маалски мавзолеј
мадригално ме
маѓепсува.
Мирот мирува...
Монотоно
магмата
моментно,
малигно
мемоари
меле...
Моја
милина!!!

# НЕЛИ?

Нацврцкан
народ,
незаборавна
неискреност,
немаштија,
навредување.
Ниетлија
немтур,
намерно
напреку
напомнува,
нели?

# ЊУЈОРК

(Њушкам...)
Њујорк.
Њујорк?
Њујорк, Њујорк...
Њујорк?
Њууууујјјјоооорк!!!

# ООООФ!

Обелиск
олтар
останал
- обврзува,
одбројува,
обвинува...
Очајно
одминат!

# ПОПУШТАМ

Попусто попот пее
песна побожна, пиленце!

Попусто пишаното
пустини пусти, пиленце!
Попусто пустиов
притиска, пече,
потајно потклекнува,
пиленце!
Попусто пркосам,
пиштам,
послушно патам,
пламени палам...
Погаѓаш, пиленце?
Пустиов просто
попушта...

# РАСКОШЕН РУМОР

Различноветва радост рано рани,
за рассон, за резон, за ритам.
За родот да е радословен и размножен,
за (на)родот да е разиграно  разбрануван.

Решено, речено, ракотворено,
распоредено рачно на растојание.
Редок разговор, ретка разгледница
ретка  роса роси роза,
расипана рамнотежа...

Резонантно ритмична романтика
раскошно распослана ровари.
Разборита, разгранета разделница
ризично  рајска раат ’рти.

Резервираност ли е,
ил река руморливо растечена!

# СОНЧЕВ СОН

Само скришно, себично сочуство си
ставам себе си,
составено со срамежливи сомнежи,
сончево соѕидани.
Сигурно сабајле,
сништата се сонат самите,
себесвојствено скриени
 содејствуваат силно.

Спокојното сонце
секогаш суптилно сведочи,
силно светнато суштествува,
сал сочувствува,
со сонот саноќ сонуван,
с’нкир спознава самољубиво,
стрпливо  согледано, самоволно
самосознание!

# ТАНТЕЛНА

Тамошен татнеж
тука тивко тоне,
тишината трешти.

Таговна тарантела
транспарентно танцува.

Тој, таа, тоа
типично тараба туркаат,
табија тревна тражат.

Табернакулот тајни тлее,
табиет табарина тежи.

Топи тага, тишино
тивко, тивко, тивкичко...

# ЌЕЈФСКА

Ќорќутук
ќумурџија,
ќефлија
ќарил
ќебапи.
Ќај ќе
ќердоса
ќерал!
Ќелепур,
ќафир!

# УБАВА

Уапи убавице,
уапи убеден убавец!
Убоди убавице,
убоди угич увилен!
Угаси убавице,
угаси угорак углавен
учен, угоен, ујдисан...
Узус убеди,
узус уочи,
узус умешно укоричен!

# ФАНТАСТИЧНО

Филмска
фузија
фрчи
фундаментално,
фино.
Фуснота
фортунска!

# ХАОС

Херој
халуцинира
хаварија, хајка,
хазард...
Хара хиената,
харизматично
хипнотизира!
Хиперболична
хипертонија,
хипертрофија...

Хаос! Хаос!

# ЦЕНЗУРИРАНА

Цвркот цути
циклично:
„Цврсто
        царот
            царува!“
Целивај целосно,
цркало!
Целивај
цулуф,
цурајка,
цуцка**...**

# ЧИНАМ

Чанче чукнува
чумосано.
Човек чизма
челична чинува,
чезнеење, чиниш,
чествуваме!
Чувство чемерно,
чир чирка!
Чактисувам:
Чукнало чкртнатото!

# ЏИЏИМИЏАВА

Џумбушлија
џабе џгура.
Џадето
џумле џевапува,
џбутот
џурка џумки...
Џилит џин -
џвркнат џивџан!

# ШЕЈТАНСКА

„Шапшал“,- шејтан шепоти
широк шал шугав,
шашбој штракоти.
Шиник шешир шепури.
Шубе штукнува
шимширосано!
Шшшшш....!

# РУЕНИЦА

на Васил Иљов

Трпел ли Трп Руен мачнение?
Си го раздавал ли светлото око
за своето, македонско поколение?
Се борел ли со книги испишани?
На камења ли фермани пишувал,
во пешетри ли вистини запишувал?
На глина ли аманет оставал,
за да го славиме, да не го заборавиме?
Верувал ли во неверните наследници,
ил видел видовито меѓу нив проклетнци,
или, пак, само вредно работел, творел,
Размислувал, зборел и прикажувал,
За нам да ни стане јасно претскажувал.

# ЗА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Ти не си само мајчин јазик,
ти не си  само писмо неопходно,
ти си светлост во аманет оставена,
совршенство, олтар од дамнина.
Богатство си немерливо,
во кодот си ни вткаено,
со милениуми опстојуваш,
со убавината своја се глаголиш.
Сѐ си е со тебе објаснето,
само по себе разјаснето:
Дали со жена или со маж зборуваш,
простите зборови дали ги удвојуваш?
Членот далечина и видливост ти покажува,
придавките и именките ги уважува.
Во едноставноста ти е големината,
им шепотиш на слепците со виделината,
дека си ни наследство од древнината.

М-р Марина Мијаковска

## Стихозбирката „Руен“ од Жаклина Михајлова – азбука од замрзнати животни ноти

Многу македонски поети пишувале поезија вдахновена од магијата на мајчиниот јазик и опиена од душата на кирилицата. Јазикот и азбуката за поетот е материја за креативно создавање на уметничките творби. За секој поет нема ништо повозвишено и посвето од азбуката! Јазикот е светлина, моќ, леб за создавање, богатство и двигател на личниот и колективниот хабитус. Според Роман Јакобсон, јазикот е систем од знаци со чие поврзување се добива повисока семантика, а тоа е најсилно изразено и експлицитно во моќта на поетскиот јазик и полнотијата на неговите функции, а кои се најсилно изразени во суштината на поетскиот свет.

Азбуката на просветителите Кирил и Методиј и Словото на свети Климента се главна епифанија за поетско создавање исплетен венец од стихови во новата стихозбирка „Руен“ на поетесата Жаклина Михајлова. Руен е највисокиот врв на Осоговските планини кои се наоѓаат во преграт-

ката на Кочанската котлина, а од каде што поетесата влече корени по род. Именувањето на стихозбирката по врвот Руен има една метафорична семантика за поетесата, а тоа е дека возвишеноста се постигнува само преку врвот и коренот на јазикот. Постоиме како луѓе и поети само преку и во полето на јазикот. Словото е и глас и легло на тишината. Тоа е истакнато во следниве стихови кои велат:

Топи тага, тишино
тивко, тивко, тивкичко...

Стихозбирката се состои од триесет и четири песни. Триесет и една песна се однесуваат на триесет и една буква од кирилицата, а трите песни „Азбука“, „Руеница“ и „За македонскиот јазик“ се еден вид на рамка како Пролог и Епилог во поетската постапка.

Песната „Азбука“ е еден вид на Пролог во кој се најавува концептот на целата стихозбирка. Секоја песна е насловена според семема создадена од една од буквите од азбуката. Со парономазиска техника на извртување на зборовите, нивно преоблекување и пресоздавање на нови зборовни огнови се гледа моќта на македонскиот јазик да биде значаен и звучен истовремено. Секој збор почнува на истата буква од азбуката и на тој начин се создаваат

фоно-морфолошките и семантичките фигури кои ја зголемуваат поетичноста и создаваат семантичка фигуративност на поетските визури. За поетесата секоја буква е важна и секоја е убава на свој начин, а посебно се маркантни песните посветени на необичните букви, како што се: ѕ, ѓ, џ, ќ, љ, њ. Пример за таквата поетска полнотија на поезисот е и следнава лирска стегната минијатура:

Ѕенѕање
Ѕунѕурки
ѕунат,
ѕвончето
ѕвони
ЅЕ ѕирка!

Ѕуницата
ѕида
ѕвездоденица.

Така, наредените етимолошки зборовни каламбури не мора да имаат конкретно и еднодимензионално значење, но со звучноста и акцентот на една буква се прават универзални поливалентни поетски слики, а во кои царство е јазикот, а негови жители се сите триесет и една буква. Целата стихозбирка на Михајлова е кујна за готвење на зборообразуваните лирски форми. Секоја од песните е активно еуфо-

нично вдахнување на живот во поетскиот јазик. Стихозбирката завршува со песните „Руеница“ и „За македонскиот јазик“ кои се еден вид на Епилог на поетскиот шлаг. Тука во прилог ја сместувам целата песна која гласи:

За македонскиот јазик

Ти не си само мајчин јазик,
ти не си  само писмо неопходно,
ти си светлост во аманет оставена,
совршенство, олтар од дамнина.
Богатство си немерливо,
во кодот си ни вткаено,
со милениуми опстојуваш,
со убавината своја се глаголиш.
Сѐ си е со тебе објаснето,
само по себе разјаснето:
Дали со жена или со маж зборуваш,
простите зборови дали ги удвојуваш?
Членот далечина и видливост ти покажува,
придавките и именките ги уважува.
Во едноставноста ти е големината,
им шепотиш на слепците со виделината,
дека си ни наследство од древнината.

Токму во оваа последна песна на Михајлова стихозбирката добива една полнотија на уметничката изведба на поетските слики. Токму во неа е собран целиот емотивен набој на поетската постапка на

создавање на бушави песни кои се просторни патокази. Формите на сите песни се експериментални и разиграни, а главно стилско обележје е згуснатоста на поетскиот лакмус и високиот степен на создавање звучни и знајчни созвучја.

За стихозбирката „Руен“ од поетесата Жаклина Михајлова можеме да констатираме дека е една успешна поетска авантура што плови помеѓу водите на буквите на македонската азбуката и широкото поле на јазикот како можност за отворена креативност. Таму каде што е водата таму е и постоењето, а таму каде што е човекот таму е и јазикот и обратно!

# БЕЛЕШКА ЗА АВТОРОТ

Жаклина Михајлова – Учителката е учителка за мали и големи. Таа е активист и хуманист, промотор на македонскиот јазик и македонската култура и доброволно работи на организирање и креирање на манифестации кои го поттикнуваат зачувувањето на македонската култура и традиции. Таа е иницијатор на безброј манифестации, програми и случувања за промовирање на Македонија во светот. Досега ги има објавено збирките лирска поезија: “Од по жица“, “Двојник“, „Руен“, „Талкања“, како и збирките хаику поезија со наслов “Цут“ и „Шум“. Михајлова е автор на сликовниците за деца “Патувањето на Дедо Мраз“, „По утрото денот се познава“ и на стихозбирката за деца „Златенца“, како и учебникот „ Продукција на културен настан - мета елемент во глобалното и националното“. Нејзини творби се објавувани во повеќе светски антологии.

Жаклина е член на Друштвото на писателите на Македонија и член на Друштвото на новинарите на Македонија, член е на Австралиската хаику асоцијација и на Центарот на писатели во Нов Јужен Велс, Австралија. Таа членува и во повеќе општествени и добротворни организации низ светов.

www.zaklinamihajlova.com
Email: zaklinamihajlova@gmail.com

## Содржина

Азбука ............................................................ 5
А-нота............................................................ 7
Бегство.......................................................... 8
Везирство ...................................................... 9
Ганѕа ............................................................ 10
Дождовна ...................................................... 11
Ѓоамити......................................................... 12
Ега ............................................................... 13
Жална ........................................................... 14
Загуба............................................................ 15
Ѕенѕање......................................................... 16
Изгубени ....................................................... 17
Јавач ............................................................. 18
Кабадаја......................................................... 19
Лажно либерто .............................................. 20
Љубознајни.................................................... 21
Моја .............................................................. 22
Нели .............................................................. 23
Њујорк........................................................... 24
Оооооф .......................................................... 25
Попуштам...................................................... 26
Раскошен ромор............................................. 27
Сончев сон..................................................... 28
Тантелна........................................................ 29
Ќејфска.......................................................... 30
Убава............................................................. 31
Фантастично ................................................. 32
Хаос............................................................... 33
Цензурирана................................................... 34
Чинам ............................................................ 35
Џиџимиџава................................................... 36
Шејтанска...................................................... 37
Руеница.......................................................... 38
За македонскиот јазик ................................... 39